ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0202-100/10
04.03 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 25 став 7 алинеа 43 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ), Управниот одбор на ИОРРМ на седницата одржана на ден 04.03.2020 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

## За разрешување на член на Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор

### Член 1

Лицето Здравко Петров се разрешува од местото член на Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор, заради неактивност, согласно член 25 став 7 алинеа 43 од Статутот на ИОРРМ.

### Член 2

Разрешувањето на лицето од член 1 на оваа Одлука, за член на Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор се потврдува на првата наредна седница на Собранието на ИОРРМ.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува од денот на нејзиното донесување.

### *Образложение*

*Овластениот ревизор Здравко Петров како член на Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор не присуствувал на пет последователни состаноци на Комисијата што се одржаа на 17.12.2019, 19.12.2019, 24.12.2019, 26.12.2019 и 11.02.2020 година, ниту се изјаснил на состанокот со изјаснување преку е-пошта одржан на 28.02.2020 година. Согласно член 25 став 7 алинеа 43 од Статутот на ИОРРМ, Управниот одбор одлучи како во диспозитивот.*

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ИОРРМ СКОПЈЕ

Претседател на ИОРРМ
**Драган Димитров**